***Број: 02 - 24099/2***
***28.11.2008 година***
***С к о п ј е***

***ЗАПИСНИК***
***од XLV -та седница на Управниот одбор на***
***Фондот за здравствено осигурување на Македонија,***

*одржана на 28.11.2008 во 10.00 часот*
*во просториите на*
*Фондот за здравствено осигурување на Македонија*

***Присутни членови на Управниот одбор:***

- *Д-р Фисник Ибраими, претставник од Министерството за здравство - заменик на претседателот;*
- *Г. Трајче Леов, претставник на Стопанска комора на Македонија - член;*
- *М-р Борис Јосифовски, член на Извршниот одбор на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија - член;*
- *Д-р Љубиша Каранфиловски, вработен во ЈЗУ Здравствен дом Битола, претставник од Сојузот на синдикатите на Македонија - член;*
- *Д-р. Горан Коевски, претставник на Организацијата на потрошувачите на Македонија - член*

***Отсутни членови на Управниот одбор:***

- *Д-р Снежана Костадиноска Милошеска, претставник од Министерството за финансии - претседател**;***
- *Д-р Страшо Наумоски, претставник од Лекарската комора на Македонија и Стоматолошката комора на Македонија - член;*

***Присутни од ФЗОМ:***

- *Георги Тренкоски, директор на ФЗОМ;*
- *Јанез Јелникар, директор на ФЗОМ;*
- *Ромела Поповиќ Трајкова, помошник на директорот за финансии;*
- *Слаѓана Пешевска, помошник на директорот за секторот човечки ресурси;*
- *Лазар Трајчев, помошник на директорот за правни работи (делумно присутен);*

- *Христо Трповски, дипломиран правник во својство на записничар*

*Поради отсуство на претседателот на Управниот одбор Снежана Костадиноска Милошеска, седницата ја отвори заменикот на претседателот Фисник Ибраими. Откако утврди дека се присутни пет членови на Управниот одбор со што се исполнети условите за полноважно работење и одлучување, му даде збор на директорот Георги Тренкоски да ја објасни потребата од свикувањето на седницата без претходно предложен дневен ред.*

*Директорот Тренкоски објасни дека седницата е свикана за да се постапи по заклучоците на Владата на Република Македонија донесени на 23.11.2008 кои се однесуваат на Фондот за здравствено осигурување на Македонија. Поради потребата од итно реагирање, седницата е закажана без да се достават материјалите а тие се доставуваат на самата седница.*

*Во врска со заклучоците на Владата, односно пакетот на мерки објавени од Владата за справување со светската економска криза кој предвидува и простување на долговите на обврзниците за неплатен придонес за здравствено осигурување, се предлага разгледување на предлог за изменување и дополнување на Предлог - Буџетот на Фондот за здравствено осигурување на Македонија за 2009 година.*

*Покрај ова, се предлага разгледување и на Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување буџетски плафони на јавните здравствени установи за 2008 година, и тоа со намалување на буџетските плафони на установите кои ја третираат хроничната опструктивна болест (ХОББ) поради неисполнување на договорениот вид и обем на здравствени услуги.*

*На крајот се предлага и разгледување на два приговори од здравствени установи.*

*Врз основа на излагањето на директорот Тренкоски, Фисник Ибраими го предложи следниот*

## ***П Р Е Д Л О Г - Д Н Е В Е Н   Р Е Д***

- *Усвојување на записникот од XLIII седница на УО одржана на 14.11.2008 година;*
- *Усвојување на записникот од XLIV седница на УО одржана на 18.11.2008 година;*

1. *Разгледување на заклучоците на Владата на Република Македонија што се однесуваат на Фондот за здравствено осигурување на Македонија;*
2. *Предлог за изменување и дополнување на Предлог - Буџетот на Фондот за здравствено осигурување на Македонија за 2009 година;*
3. *Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување буџетски плафони на јавните здравствени установи за 2008 година;*
4. *Приговори од здравствени установи;*
5. *Разно.*

*Управниот одбор го прифати предлог дневниот ред, по што едногласно го усвои следниот*

## *Д Н Е В Е Н  Р Е Д*

- *Усвојување на записникот од XLIII седница на УО одржана на 14.11.2008 година;*
- *Усвојување на записникот од XLIV седница на УО одржана на 18.11.2008 година;*

1. *Разгледување на заклучоците на Владата на Република Македонија што се однесуваат на Фондот за здравствено осигурување на Македонија;*
2. *Предлог за изменување и дополнување на Предлог - Буџетот на Фондот за здравствено осигурување на Македонија за 2009 година;*
3. *Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување буџетски плафони на јавните здравствени установи за 2008 година;*
4. *Приговори од здравствени установи;*
5. *Разно.*

*Потоа се пристапи кон разгледување на точките од дневниот ред.*

- *Усвојување на записникот од XLIII седница на УО одржана на 14.11.2008 година*

*Управниот одбор едногласно и без забелешки го усвои записникот од XLIII седница на УО одржана на 14.11.2008 година*

- *Усвојување на записникот од XLIV седница на УО одржана на 18.11.2008 година*

*Борис Јосифовски рече дека неговата дискусија во врска со точката 4 од дневниот ред - приговори од работни односи бара да биде поопширно и прецизно пренесена. За таа цел, во писмена форма ќе достави авторизирана дискусија која треба да се внесе во записникот.*

*Љубиша Каранфиловски побара записникот во делот што се однесува на точка 1, на страна 3, по неговата дискусија да се дополни со објаснувањето што го даде Ромела Поповиќ Трајкова дека плаќањето на здравствените установи се врши така што во тековната година се вклучува и месец декември од претходната. Месецот декември од оваа година се плаќа во наредната година.*

***ТОЧКА 1 -*** *Разгледување на заклучоците на Владата на Република Македонија што се однесуваат на Фондот за здравствено осигурување на Македонија*

*Заклучоците на Владата на Република Македонија од триесет и втората седница одржана на 23.11.2008 година беа презентирани од Фисник Ибраими. Во*

*врска со нив, претставниците на Фондот даваа објаснувања а членовите на Управниот одбор поставуваа прашања.*

*Заклучок 1. Сите јавни здравствени установи средствата од жиро сметките и орочените средства да ги искористат за подмирување на старите обврски кои ги имаат во рок од три дена.*

*Во врска со ова, Љубиша Каранфиловски праша дали во стари обврски на здравствените установи се сметаат и обврските што тие ги имаат кон своите вработени за надоместоците на вработените по 3400 денари за неприменетата спогодба од 2007 година.*

*Директорот Тренкоски одговори дека овие долгови не го интересираат Фондот и тие се работа на самите здравствени установи а сега станува збор за долговите кон добавувачите.*

*Заклучок 2. Се задолжуваат Фондот за здравствено осигурување на Македонија и јзвните здравствени установи меѓусебните обврски и побарувања да ги отпишат во рок од пет дена*

*Директорот Тренкоски укажа дека во моментот кога салдата ќе бидат доведени на нула, ќе се ослободат многу средства.*

*Заклучок 3. По завршувањето на претходните чекори (во заклучоците 1 и 2), се задолжува Фондот за здравствено осигурување на Македонија да им исплати 80% (не е стриктно) на јавните здравствени установи од преостанатите стари обврски веднаш, а останатите средства да се исплатат со Буџетот за 2009 година.*

*Директорот Тренкоски рече дека ќе треба да се одржи седница на Управниот одбор и идната недела за да се даде извештај по првите два заклучока. Тоа од причина што сега не може да се каже точно колкав процент ќе исплати Фондот а треба и да се провери фактура по фактура и да се изготват сложени записници.*

*Борис Јосифовски праша дали станува збор за старите долгови кои јавните здравствени установи ги имаа кон добавувачите, на што од директорот Тренкоски доби потврден одговор.*

*Заклучок 4. Им се укажува на јавните здравствени установи дека датумот за пријавување на старите доспеани неплатени обврски е 30.11.2008 година.*
*Сите стари долгови кои не се пријавени до 30.11.2008 година ќе паднат на товар на јавните здравствени установи*

*Ромела Поповиќ Трајкова објасни дека извештајот на ex-ante контролата беше со пресек на состојбата на 30 септември и дека поради тоа ќе треба да биде дополнет со состојба 30 ноември.*

*Заклучок 5. Се задолжуваат Министерството за финансии и Фондот за здравствено осигурување на Македонија да ги вклучат јавните здравствени установи во трезорскиот систем и до Владата во рок од 30 дена да достават*

*извештај. За преземените активности да го информираат министерот за здравство.*

*Ромела Поповиќ Трајкова укажа дека скоро две години трае иницијативата да се вклучат јавните здравствени установи во трезорскиот систем. Образложи дека тоа е проект на Светска Банка преку Холандскиот донаторски Фонд и дека е во тек негова реализација преку Министерството за финансии и канцеларијата на Светска Банка. Додаде и дека во Фондот веќе се заокружува софтверот со што Фондот ќе прерасне во мини трезор на здравството а и службата се доекипира. Со тоа значајно се зајакнува контролниот систем. И Владата е известена дека за стартување на системот ќе бидат потребни уште околу три месеци и еден месец пробен период зашто по старувањето на системот не смее да има никаква грешка.*

*Заклучок 6. Се задолжува Фондот за здравствено осигурување на Македонија да ги зајакне контролните механизми кај ex-ante финансиската контрола на материјално - финансиското работење на јавните здравствени установи (веднаш да ги провери сите фактури) и по завршувањето да достави извештај.*

*Ромела Поповиќ Трајкова извести дека веќе е во тек проверката на сите фактури.*

*Заклучок 7. Се задолжува Фондот за здравствено осигурување на Македонија правата информација за работењето на јавните здравствени установи да ја достави на 20.12.2008 година, а потоа квартално да составува извештаи за работењето на јавнните здравствени установи (прва - 15.01.2009 г., втора - 15.04.2009 г., трета - 15.07.2009 г., и четврта 15.1.2009 г.)*

*Ромела Поповиќ Трајкова објасни дека Фондот прави и месечни пресеци што придонесува јасно да се увиди во кои установи се создаваат долгови. На прашањето од Фисник Ибраими дали на 01.01.2009 година, ќе биде постигнато салдо нула кажа дека таа состојба најверојатно ќе биде постигната кон крајот на јануари.*

*Заклучок 8. Заклучоците донесени по Информацијата, Министерството за здравство да ги достави до управните одбори на соодветните клиники и јавни здравствени установи.*

*Истовремено, Владата заклучи Фондот за здравствено осигурување на Македонија за сите натамошни активности по ова прашање да го информира Министерството за здравство.*

*Исто така, Фондот пред да ги доставува материјалите за разгледување до Владата, претходно да ги доставува на мислење до Министерството за здравство.*

*Ромела Поповиќ Трајкова објасни дека Фондот веќе ги имал уредно испратено материјалите до Министерството за финансии и до Министерството за здравство, но поради кусиот рок најверователно тие не биле стасани до министерот за здравство. Инаку, Фондот до јавните здравствени установи нема упатено известување за дописот од Владата и владината одлука зашто тоа треба да го стори Министерството за здравство врз основа на одлуката.*

*Фондот ги извести сите директори на подрачните служби на ФЗОМ и ex-анте контролорите со детален опис на сите постапки и чекори за реализација на оваа активност.*

*Фисник Ибраими реше дека Министерството тоа веќе го прави.*

*Трајче Леов праша каква е одговорноста за јавните здравствени установи односно за нивните менаџери ако не постапат согласно заклучоците на Владата. Дали е тоа правно уредено и дали тука Фондот има ингеренции.*

*Ромела Поповиќ Трајкова објасни дека ex-ante контролата може само да изготвува извештаи а директорот Тренкоски дека е даден предлог до Владата да ја разгледа можноста за разрешување на директорите кои работат незаконски односно создаваат долгови. Заклучоците на Владата сепак беа поблаги.*

*Горан Коевски праша дали директорите на јавните здравствени установи имаат склучено менаџерски договори и дали во нив е уредена одговорноста.*

*Фисник Ибраими одговори дека во Министерството за здравство во моментов се работи на изготвување на таков договор.*

*Ромела Поповиќ Трајкова дополни дека и во заклучоците на Владата се потенцира потребата од изготвување на таков договор. Побара и Фондот да се вклучи во неговот изготвување заедно со Министерството.*

*Директорот Јелникар укажа дека можност што ја има Фондот за санкционирање на јавните здравствени установи кои нема да ги почитуваaат заклучоците на Владата за исплата на старите долгови е да не го исплаќа месечниот буџетски плафон се додека тие не ги реализираат заклучоците.*

*Горан Коевски прашувајќи се дали Фондот има таква можност, предложи да се изврши посуптилен притисок, односно да им се укаже на јавните здравствени установи дека ќе се превземат сите законски мерки за да се обезбеди почитување на заклучоците на Владата.*

*На крајот на расправата, Управниот одбор едногласно донесе*

***Одлука***

*со која на менаџментот на Фондот му се препорачува да не го исплаќа месечниот буџетски плафон на јавните здравствени установи се додека тие не ги реализираат заклучоците на Владата на Република Македонија од триесет и втората седница одржана на 23.11.2008 што се однесуваат на јавните здравствени установи*

*Потоа, Фисник Ибраими ги презентира и заклучоците на Владата во врска со Информацијата за дополнителниот увид и контрола на платите и другите исплати на менаџерските тимови во јавните здравствени установи за периодот од 01.01.2008 до 30.09.2008 година.*

*Заклучок 1. Се задолжува Министерството за здравство да превземе активности во врска со надминување на ваквите негативни појави кои се однесуваат на непочитување на Законот и Колективниот договор за здравствена дејност во Република Македонија со обврска првата наредна плата да биде исплатена согласно Колективниот договор и Заклучокот на Владата од 61-та седница одржана на 12.06.2007 година, според кои на директорите во јавните здравствени установи им се утврдува плата во вкупен коефициент во распон од 9,36 до 12,04 во зависност од видот на установата, зголемена за додатокот по основ на минат труд.*

*Заклучок 2. Се задолжува Министерството за здравство да им укаже на менаџерите на јавните здравствени установи кои неосновано исплатиле повисоки износи на плати по основ на основна плата и по основ на додатоци на плата во периодот јануари – септември 2008 година, истите да ги вратат во динамика од 1/3 од висината на платата месечно, до целосна исплата на повеќе исплатените плати по овие основи.*

*Заклучок 3. Се задолжува Министерството за здравство во соработка со Фондот за здравствено осигурување на Македонија за седницата на Владата што ќе се одржи на 26.11.2008 година да ги достави менаџерските договори што треба да се склучат со директорите на јавните здравствени установи согласно Законот за работни односи.*

*Заклучок 4. Се задолжува Министерството за здравство во однос на повеќе исплатените плати да преземе соодветни поединечни мерки и санкции.*

*Заклучок 5. Се задолжува Фондот за здравсттвено осигурување на Македонија да продолжи континуирано со контрола на платите на менаџерите и на сите останати исплати на плати на вработени во јавните здравствени установи и со целосна примена на членот 9 од Законот за јавна финансиска контрола од страна на ex-ante финансиската контрола, со претходно потпишување за одобрување или неодобрување на соодветните документи со кои се одобрува извршување на трансакцијата, односно исплатата на платата.*

*Во врска со овие заклучоци, директорот Тренкоски истакна дека е најважно директоите на јавните здравствени установи да потпишат менаџерски договори со Министерството за здравство во кои ќе бидат прецизно дефинирани сите права и обврски во извршувањето на менаџерската функција.*

*Ромела Поповиќ Трајкова пак укажа дека е важно претставници на Фондот да учествуваат во изготвувањето на менаџерскиот договор како и на потребата Министерството од Фондот да побара мислење за сите одлуки кои имаат фискални импликации.*

*Љубиша Каранфиловски потенцирајќи дека е јасно во кој распон треба да се движат платите на менаџерите во јавните здравствени установи, укажа и на фактот дека многу од нив се од редот на најдобрите стручњаци во својата област. Поради тоа, треба да се внимава со менаџерскиот договор, додека извршуваат менаџерска функција да не им биде комплетно исклучено работењето во нивната основна професија зашто тоа не е во интерес на осигурените лица.*

*По ова, расправата  за правата точка од дневниот ред заврши а Управниот одбор заклучи дека Фондот треба да постапува согласно заклучоците на Владата кои се однесуваат на неговото работење.*

***ТОЧКА 2 -*** *Предлог за изменување и дополнување на Предлог - Буџетот на Фондот за здравствено осигурување на Македонија за 2009 година*

*Ромела Поповиќ Трајкова ги запозна членовите на Управниот одбор дека од Министерството за финансии е побарано Фондот да ги квантифицира старите побарувања за придонес. Тоа е во врска со од Владата најавените мерки за соочување со светската економска криза, а со цел замрзнување на долговите на обврзниците за плаќање на придонес. Проблем е тоа што главницата на овие побарувања е влезена во проекциите на Буџетот за 2009 година. Без нив, Буџетот треба да биде намален за околу 10%, и тоа како приходната така и расходната страна. Покрај ова, и најавеното зголемување на времетраењето на породилното отсуство ќе значи зголемување на расходите.*

*Лазар Трајчев информираше за состојбата со наплатата на побарувањата. Наведе дека Фондот има околу 1,9 милијарди денари побарувања на кои треба да се пресмета и каматата. Досега во судските постапки се донесени околу 400 пресуди во корист на Фондот. Со пресудите или по пат на порамнување се утврдени побарувања во висина од околу 200 милиони денари и судовите создадоа пракса да ги признаваат побарувањата на Фондот.*

*Фисник Ибраими праша дали можеби треба до Владата, до Министерството за финансии да се упати некој вид препорака, реакција со укажување на можните последици. Потоа ќе видиме дали од таму ќе има реакција. Или да се најде начин да се обезбедат предвидените средства.*

*Борис Јосифовски изрази чудење што од Фондот за здравство се бара да се откаже и од главните побарувања додека од Фондот на ПИОМ се бара да се откаже само од каматите.*

*Потоа Ромела Поповиќ Трајкова заклучи дека како и да е кризата ќе не погоди па ќе треба во такви услови да се најде начин да се преброди. Инаку, во услови на криза подобро е да се намалат средствата за инвестиции а не за здравствени услуги и правата на осигурениците.*

*Со ова заврши расправата по оваа точка по што Управниот одбор едногласно заклучи: Стручните служби на Фондот да изготват извештај за состојбата со проектираните приходи и расходи на Фондот во врска со од Владата најавените мерки за справување со светската економска криза кој ќе се разгледува на следната седница.*

*Исто така донесе и*

***Одлука***
***за донесување на предлог за изменување и дополнување на Предлог - Буџетот на Фондот за здравствено осигурување на Македонија за 2009 година***

*со која се донесува предлог за изменување и дополнување на Предлог - Буџетот на Фондот за 05.09.2008 година, и тоа се предлага да се измени на висина од 17.537.062 денари.*

***ТОЧКА 3 -*** *Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување буџетски плафони на јавните здравствени установи за 2008 година*

*Директорот Тренкоски и Ромела Поповиќ Трајкова објаснија дека оваа одлука е потребно да се донесе заради намалување на буџетските плафони на Специјалната Болница Јасеново - Велес, Специјалната Болница за ТБЦ Лешок - Тетово и Заводот за рехабилитација - Отешево. На овие установи еднаш им беше зголемен буџетскиот плафон, но бидејќи не се реализирани договорените вид и обем на здравствени услуги, се укажува потреба од намалување на нивните буџетски плафони.*

*Управниот одбор го прифати објаснувањето, по што едногласно донесе*

***Одлука***
***за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување буџетски плафони на јавните здравствени установи за 2008 година***

*со која на Специјалната Болница Јасеново - Велес, Специјалната Болница за ТБЦ Лешок - Тетово и Заводот за рехабилитација - Отешево им се намалени буџетските плафони.*

***ТОЧКА 4 - Приговори од здравствени установи***

*Управниот одбор ги разгледа и ги уважи приговорите на ПЗУ „Д-р Нина“- Скопје и на ПЗУ „Д-р Горан“ - Скопје, па реши од нив да не се бара плаќање на договорна казна.*

***ТОЧКА 5 –*** *Разно*

*Во рамките на оваа точка од дневниот ред, Управниот одбор го разгледа барањето на финансиски средства за санациони мерки од ЈЗУ Клиничка болница Тетово, и во врска со тоа изготвеното мислење на стручната служба на Фондот. Според мислењето на стручната служба, бидејќи средствата за инвестиции во 2008 година се исцрпени, ова барање доколку се утврди како приоритетно, би можело да биде реализирано со Инвестиционата програма за јавните здравствени установи за 2009 година. Инвестиционата програма за јавните здравствени установи ја усвојува Управниот одбор на Фондот по претходно дадени препораки за приоритети од страна на Министерството за здравство.*

*Управниот одбор го прифати мислењето на стручната служба на Фондот и заклучи за ова барање, заедднички со Министерството за здравство да се оцени приоритетноста и потребата да биде вклучено во Инвестиционата програма за јавните здравствени установи за 2009 година.*

*По исцрпувањето на оваа точка од дневниот ред, Управниот одбор во 13.00 ч. ја заврши работата на XLV -та седница.*

***Записничар,***
***Христо Трповски***

***Управен одбор***
***Заменик на претседателот,***
***Фисник Ибраими***